# АДИНГСТАТИК 2

*Саморазлевен двокомпонентен електростатски спроводлив епоксиден систем со вредност на отпор <$10^6\Omega$*
*Одговара на EN 13813 SR B2.0 – AR0.5 – IR4*

## ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Електроспроводлив и саморазливен епоксиден систем кој е наменет за простории каде доаѓа до создавање на статички електрицитет, а со цел негово заземјување. Има примена во производствени хали за електронска опрема, компјутерски центри, лаборатории, операциони сали, електронски лаборатории, производствени погони и магацини за бои, лакови и растворувачи, производствени погони и магацини за експлозивни и лесно запалливи материјали и сл.

## СВОЈСТВА

- Електроспроводлив,
- Одлична атхезија за подлогата,
- Водоотпорен и
- Водонепропустлив,
- Едноставен за нанесување,
- Хемиски отпорен,
- Бактериолошки отпорен,
- Нетоксичен во врзана состојба,
- Лесен за одржување.

## ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

| СВОЈСТВО | МЕТОД | ДЕКЛАРИРАНА ВРЕДНОСТ |
|---|---|---|
| Изглед | - | обоена вискозна смеса |
| Однос на мешање | - | А:Б=3,2 : 1,0 |
| Густина | EN ISO 2811-1 | А+Б - 1,25-1,31g/cm³<br>А комп. 1,1-1,2 g/cm³<br>Б комп. 0,97-1,03 g/cm³ |
| Атхезија за подлогата | EN 1542 | ≥ 2MPa |
| Капиларна апсорпција и пропустливост на вода | EN 1062-3 | $w<0,1kg/m^2h^{1/2}$ |
| Отпорност на удар | EN ISO 6272-1 | класа III ≥20Nm |
| Отпорност на абење (BCA) | EN 13892-4 | класа AR 0,5 (<50µm) |
| Јачина на врска (bond strength) | EN 13892-8 | класа B,2 (>2 N/mm²) |
| UV стабилност | | нестабилен |
| Време на употребливост (pot life) на материјал на температура од 20°C (А + Б) | EN ISO 9514 | 40 - 60 min |
| Температура на подлогата и воздухот при вградување | - | 10-30°C |
| Механичка употреба за лесен промет на температура од 20˚C | - | по 3 дена |



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

| | | |
|---|---|---|
| Механичка употреба за тежок промет на температура од 20˚C | - | по 7 дена |
| Хемиска употреба (вклучувајќи и контакт со вода), на 20°C | | по 14 дена |
| Температурна стабилност при експлотација | - | од -20°C до +60°C |
| Електрична спроводливост | IEC 61340-4-1 | $R_E < 1*10^6 (\Omega)$ |

## МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ИЗВЕДБА

**ПОГОТОВКА НА ПОДЛОГАТА**

Подлогата треба да е здрава, сува, чиста, обезмастена, обеспрашена и задолжително треба да биде хидроизолирана, поради неотпорноста на епоксидните системи на негативен хидростатски притисок. Влажноста на подлогата треба да биде помала од 7%, а температурата при вградување од 10-30°C. Релативната влажност на воздухот при вградување потребно е да биде помала од 70%, со цел да се избегне кондензација на површината за обработка. Доколку не се почитува ова ограничување може да дојде до нерамномерна промена на бојата на премазот, матирање или појава на дамки, но физичките и хемиските својства на материјалот ќе останат непроменети.

Нова бетонска подлога

Бетонот треба да биде стар најмалку 28 дена, да има минимална јакост на притисок од 25 MPa и да не содржи поголема влажност од 7%. Доколку на подлогата има остатоци од цементно млеко, малтер, флеки од боја и масло, тие треба да се отстранат. Завршно подлогата треба да се обеспраши со индустриска правосмукалка.

Стара бетонска подлога

Здрава и чиста подлога се главни предуслови за постигнување одлична атхезија. Како и кај новата бетонска подлога, отстранувањето на цементното млеко се врши по механички пат. Пенетрираните маснотии и нечистотии во подлогата треба да се отстранат со детергенти или специјални препарати за таа намена. Сите оштетувања на подлогата треба да бидат санирани користејќи соодветни материјали.

Стара епоксидна подлога

Обработката е со површинско орапавување на површината со шмиргла и обеспрашување на подлогата.

**ВГРАДУВАЊЕ**

Адингстатик 2 препорачливо е да се нанесува на подлоги прајмерирани со Адингпокс 1П или Адингпокс 1ПВ. По врзување на прајмерот се поставуваат (лепат) бакарни ленти во форма на рамка по краевите на полето и напречно по должина во неколку правци, а краевите на бакарните ленти се спојуваат со заземјувањето.

По поставување на бакарните ленти се нанесува црн спроводлив прајмер Адингстатик СП.

Пред вградување се препорачува компонентите засебно да се промешаат. Потоа Б компонентата се додава во садот со А компонента, во однос А:Б = 3.2:1, и се меша 3-4 мин, со бавен електричен мешач (300-500 врт/мин) до потполна хомогенизација. Количината на материјалот кој што се меша треба да биде во согласност со времето на обработливост.

Нанесувањето се врши рачно со назабена глетарка. Нанесениот материјал по потреба се обработува со бодликав валјак, (поради природата на материјалот се препорачува валјак со метални игличести врвови) со цел да се ослободи заробениот воздух во материјалот. При нанесување, температурата на подлогата треба да биде во граници од 10°C до 30°C, а амбиенталната температура во граници од 10°C до 30°C и влажноста на воздухот помала од 70%.

## ПОТРОШУВАЧКА

Адингпокс 1П / Адингпокс 1ПВ: 0,15-0,25 kg/m²
Адингстатик СП : 0,10-0,12 kg/m²

Адингстатик 2 (А+Б компонента): 1.80 - 2.00 kg/m²





ADING

АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

## ЧИСТЕЊЕ

Алатот и опремата се чистат со Ратворувач П веднаш по употребата.

## ПАКУВАЊЕ

Во сетови А+Б: 16,8 kg
А компонента: 12,8 kg
Б компонента: 4,0 kg

## СКЛАДИРАЊЕ

Во оригинална, затворена амбалажа, во суви простории, на температура од 10-30°C, заштитен од директно сонце и замрзнување. Рок на употреба: 9 месеци.

## СТАНДАРДНИ БОИ

**Сива, зелена, сина.**

## СЕ ОЗНАКА

CE

АДИНГ АД Скопје,
Новоселски пат (улица 1409) бр.11
1060 Скопје, Северна Македонија

22

GDFIXXX/3

EN 1504-2:2004

**АДИНГСТАТИК 2**
Саморазлевен двокомпонентен епоксиден систем
електростатски спроводлив со вредност на отпор < $10^6\Omega$

| | |
|---|---|
| Реакција на пожар | **Својството не е определено** |
| Ослободување на корозивни супстанции | **SR** |
| Пропустливост на вода | **Својството не е определено** |
| Пропустливост на водена пареа | **Својството не е определено** |
| Јачина на врска | **B2.0** |
| Отпорност на удар | **IR4** |
| Отпорност на абење според BCA | **AR0.5** |
| Звучна изолација | **Својството не е определено** |
| Звучна апсорпција | **Својството не е определено** |
| Термичка отпорност | **Својството не е определено** |
| Хемиска отпорност | **Својството не е определено** |

Опасност по здравјето: Потребно е да се избегнува контакт на производот со кожата или очите, како и директно вдишување при мешање на А и Б компонентата. При ненадеен контакт, производот треба веднаш да се отстрани со сува крпа или благо наквасена со Растворувач П, а потоа местото добро да се измие со чиста вода и сапун. Ако материјалот прсне во очи, потребно е веднаш да се исплакнат со чиста вода и да се побара медицинска помош. Потребно е да се обезбеди проветрување на просториите каде што се работи со смоли и растворувачи.
Пожар: Производот не е запалив.
Чистење и депонирање: Неврзани остатоци од Адингстатик 2 се чистат со Растворувач П. Старата искористена амбалажа потребно е да се депонира според локалните прописи и регулативи за тој тип отпад.
Препорачуваме начинот на нанесување и потребните количини да се приспособат кон условите на објектот, како и задолжителна примена на соодветна опрема. Дополнителни информации се дадени во Безбедносниот лист на производот.



ADING
АДИНГ АД, Скопје, Новоселски пат (ул. 1409) бр.11,1060 Скопје, Р. Северна Македонија;
Тел.: +389/02 2034 840; Факс + 389/02 2034 850; е-пошта: ading@ading.com.mk; www.ading.com.mk

www.ading.com.mk